РЕПУБЛИ... МАКЕДОНИЈА
СРЕД... УЧИЛИШТЕ
МЕТОДИ ... БРИЦО п.о.
Бр. 10 - 1132/ 9
29. 12 2025 год.
ДЕЛЧЕВО

Архивски знак 1001
Рок на чување трајно
29. 12 2025
Потпис,

**Прилог**

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште Методи Митевски Брицо за учебните години 2022/2023 2023/2024.

Врз основа на Законот за средното образование, средното училиште Методи Митевски Брицо спроведе самоевалуација на работата и постигнувањата за учебните 2022/23, 2023/24 години.

За таа цел, директорот на средното училиште формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште (во натамошниот текст: Комисијата), во следниот состав:

Марина Синадиновски
Роза Стаменковска
Милија Таушански
Соња Трајковска
Даниела Стоилова
Наташа Јаневска Колевска
Емануела Манасиева Стојчевски
Славица Рунтевска
Билјана Донцевска
Благица Илиевска
Даниела Николовска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 25.12.2025 година, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо“
Бул. „М. М. Брицо“ бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk

**ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА СОПСТВЕНАТА РАБОТА И ПОСТИГНУВАЊАТА НА СОУ„МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО“- ДЕЛЧЕВО**

Врз основа на Законот за средно образование, средното општинско училиште „Методи Митевски Брицо“ спроведе самоевалуација на работата и постигнувањата за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година.

За таа цел, директорот на средното училиште формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште (во натамошниот текст: Комисијата), во следниот состав:

Марина Синадиновски -наставник

Роза Стаменковска-наставник

Лидија Таушански-наставник

Соња Трајковска-наставник

Даниела Стоичова-наставник

Наташа Јаневска Колевска-стручен соработник, социолог

Емануела Манасиева Стојчевски-стручен соработник, педагог

Славица Рунтевска-библиотекар

и членови од совет на родители:

Билјана Дончевска

Благица Илиевска

Даниела Николовска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од календарската 2025 година.

За нејзино успешно спроведување , Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 25.12.2025 година, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во рамките на работните активности комисијата реализираше состаноци и разговори со наставниците, учениците, претставници од Советот на родители , претставници од деловниот сектор, раководната структура во училиштето, членови на заедницата и сите засегнати страни. Беа спроведени повеќе прашалници со учениците, родителите и наставниците и потоа е направена анализа на добиените податоци. Извршено е увид во целокупната документација на училиштето со цел да се обезбеди целосен увид во состојбата, работата и постигнувањата на училиштето.

Самоевалуацијата е направена врз основа на добиените резултати од Интегралната евалуација која беше спроведена во училиштето од 02-04.10.2024 година од страна на Државниот просветен инспекторат, како и врз основа на Развојниот план на училиштето.
Со спроведување на процесот на самоевалуација ќе се добие реална и објективна слика за постигнатиот квалитет, степенот за напредок и развој на институцијата, како и за резултатите на учениците и вработените. Преку овој процес на самоевалуација се издвојуваат приоритетните области на дејствување, насоките за модернизација, подобрување на наставните и воннаставните активности со цел создавање на образовна средина која ќе биде во тек со современите воспитно-образовни потреби.

Врз основа на добиените резултати се овозможи идентификација на клучните предизвици, утврдување на јаките и слаби страни, како и препораки за надминување на слабите страни, нивно редуцирање и постепено целосно да се надминат. како и одржување на јаките страни, нивно унапредување и истакнување. Слабите страни ќе ни бидат мотивирачки фактор за сите директни и индиректни учесници во воспитно образовниот процес, за сите да ги вложат своите капацитети и да ги искористат ресурсите кои ги поседуваме за унапредување на условите и стандардите во училиштето со цел за целосна и квалитетна реализација на воспитно образовниот процес заснована на активна вклученост и заедничка одговорност во подобрувањето на училишната средина.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни на сите 8 подрачја и приоритетите во однос на секое подрачје и

овие информации ќе ни бидат основа за носење на одлуки, планирање на следните активности за унапредување на воспитно-образовниот процес.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во нашето училиште се релизираат наставни планови и програми за гимназиско и стручно образование:

-Гимназиско образование: Природно-математичко подрачје (комбинација А и Б) и Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А и Б);
-Текстилно кожарска струка/Текстил, кожа и слични производи, образовен профилТехничар за изработка на облека (4 години);
-Хемиско-технолошка струка/Хемија и технологија, образовен профил-Прехранбен техничар (4 години).

Училиштето во целост ги реализира наставни планови и програми од МОН. Нема разлики во наставните планови и програми предвидени од МОН и оние што ги реализира училиштето. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Од извршената анкета 95% од наставниците одговориле дека ги реализираат целосно наставните планови и програми иако во по одредени стручни предмети сеуште немаат учебници за реализирање на наставата. Помал број неодржани часови од предвиденото е поради државните празници, отсуство на наставници поради боледување, промена на наставници, екскурзии и др.

Училиштето преку состаноци ги информира членовите на Советот на родители, родителите и учениците преку родителски средби како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните програми што се реализира.

Наставниот кадар индивидуално работи со учениците кои имаат потешкотии во учењето и со ученици со различни способности, спроведувајќи дополнителна и друг вид на консултативна настава. Наставниците ги приспособуваат наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби.

Училиштето нуди пет изборни предмети за учениците од втора година според

наставниот план, а тие избираат еден од нив. Постапката за избор се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Учениците се анкетираат за изборните предмети кои ги избират уште на крајот на март и одлучуваат за наредната година во сорботка со родителите бидејќи при предавањето на анкетните листови се бара да има и потпис од еден од родителите/старателите.

Проектните активности и содржините програмирани од училиштето се распределуваат од страна на Директорот, а во функција на поквалитетна настава како и во интерес на наставниците кои имаат недоволен фонд на часови.

Во трета година учениците избираат подрачје и комбинации (кои се разликуваат со по три изборни предмети). Во стручното образование во втора година за трета година одбираат два изборни предмети од понудените листи. Во Концепцијата за модернизација на техничкото образование (2016) се наведува дека изборните модули им се нудат на учениците со цел да обезбедат елемент на изборност во образовната програма и се дизајнирани така за да бидат комплементарни со задолжителните модули.

Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети Изборот го прават најдоцна до крајот на март од предходната година. Училиштето реализира проширени програми од сите предмети за кои учениците изразуваат желба. Најголем број од испитаните наставници изведуваат дополнителна и додатна настава.

Преку Советот на родители, Училишен одбор и Наставнички совет училиштето планира активности прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од наставници и родители од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна рамноправност. Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите. Родово-инклузивен курикулум незначи само постигнување на родова

рамноправност во училиштата туку и обезбедување на родово сензитивни наставни содржини.

На часот на паралелката се реализираат програми предвидени со програмата за животни вештини. Наставните планови и програми и програмите за часот на паралелката го помагаат личниот и општествениот развој на нашите ученици (машки и женски) и тоа во меѓусебната соработка, градење на самодовербата и разрешувањето на конфликтите, грижа за здравјето, интерперсоналните односи, личниот развој и сл.

Најмногу треба да се работи на подигање на свеста кај учениците дека не постојат „машки“ и „женски“ професии и етничка и социјална одвоеност да се афирмираат и поттикнат да ја бараат својата идна професија според личните способности, а не според припадноста на полот и етничката припадност.

Во училиштето успешно се реализираат часови од областа ма меѓуетничката интеграција на младите. Во училиштето владее позитивна клима меѓу учениците којашто се надградува врз основа на меѓусебната соработка, доверба и почит. Не постојат конфликтни ситуации меѓу учениците и сите активности се реализираат по пат на договор.

Образованието на наставниот кадар е клучно во успешната реализација на воспитно-образовниот процес. Квалитетот на наставниот кадар директно влијае на нивото на образовните резултати на секоја индивидуа. За таа цел, наставниот кадар во нашето училиште го следи трендот на постојано лично и професионално усовршување.

Училиштето организира едукативни програми и работилници преку кои наставниот кадар се усоврушува. Наставниците сметаат дека училиштето реализира образование за човековите права, граганско образование и други теми што се поврзани со оваа проблематика преку наставните планови и програми во поедини предмети.

Исто така учениците тврдат дека училиштето реализира образование за човековите права, граганско образование и други теми што се поврзани со оваа проблематика преку наставните планови и програми во поедини предмети). Најголемиот дел од учениците се изјасниле дека постои толеранција меѓу учениците посебно од различна етничка припадност (иако соодносот на учениците

од различни етникуми поточно македонци, роми и турци во нашето училиште е 94% спрема 6 %). Има примери на соодветно интегрирани особености во локалната средина и наставните помагала.

Наставниците сметаат дека можат да го прилагодат наставниот план и програма во зависност од потребите и можностите. Училиштето има разработено насоки за вградување меѓупредметни цели во сите наставни програми што се реализираат.

Наставниците ги почитуваат тие насоки и работа на развивање на самодовербата на учениците, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основнитечовекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија.

Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на постоечките наставни планови и програми и воведување нови наставни профили на предлог на Советот на родители и локалната самоуправа. Стручниот кадар во текстилната струка овозможува голем број од учениците да се запишуваат на стручни факултети. Еден дел се вработуваат во постоечките конфекции. Со тоа придонесуваат за развој на малото стопанство. Во училиштето постои текстилна – кожарска струка односно профил – техничар за изработка на облека и хемиско – технолошка струка профил прехранбен техичар. Покрај стручниот кадар за постигањата на овие ученици придонесуваат и кабинетите по текстилство кој е целосно опремен со современи машини и просторијата наменета за практична настава за хемиско – технолошка струка.

Во училиштето има можност за интегративен пристап кон содржините во реализацијата на повеќе наставни предмети и од претходната учебна година и интерактивен пристап со набавката на двете електронски табли.

Со цел на подобрување на квалитетот на наставата, во училиштето се интегрираат наставните планови и програми со карактеристиките и потребите на локалната средина преку постојана директна соработка, советот на родители, дописи, преку вонннаставните активности: културни манифестации, посети, претстави, акции, спортски натпревари, проекти и сл. и со тоа ја подобруваат реализацијата на наставните планови и програми. Учениците од стручното образование текот на учебната година реализираат професионална практика која се спроведува според наставниот план и програма во траење од 10,15 или 20

работни денови. На тој начин се овозможува соработка со локалната заедница. Таа има за цел учениците да се стекнат со применливи знаења и да бидат оспособени за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил. Училиштето го користи се она што го нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.

Општите, меѓупредметни цели-градење на сестрана, самоуверена, одговорна, толерантна личност која се грижи за своето мултикултурно општество и животната средина е цел на сите предмети во рамките на НПП. За таа цел се одржуваат работилници на класните часови, акции за еко-свест, меѓупредметна корелација на одредена општо прифатена цел во рамките на наставните планови и програми, во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.

Постои програма за соработка со родители, но според спроведените анкети постои мислење дека родителите, наставниците и учениците во многу мал процент влијаат врз измени и дополнувања на наставните планови и програми. Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го потикнуваат критичкото мислење на учениците.

Наставниците имаат најголема можност да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми, бидејќи од нивнатакреативност, интерес, желба и залагање како и максимално користење на ресурсите во училиштето и во локалната средина зависи успешната реализација на програмите. Учениците можат да влијаат врз начинот на реалзиацијата на наставните планови и програми преку нивната активност, заинтересираност и мотивираност.

Родителите можат да влијаат на реализацијата на наставните планови и програми преку нивно учество на Совет на родители, родителски средби, со свои предлози, донации.

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен,

професионален и социјален развој. Во училиштето постојат воннаставни активности во кои се вклучени поголем број ученици без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјално потекло. Родителите сметаат дека нема доволно активности вон училиштето кои што нивното дете ги смета за интересни, а најголемиот дел од нив сметаат дека нивното дете е вклучено во вонnаставни активности за кои тоа има интерес. Училиштето работи на пронаоѓање инструменти за идентификување на ученици со посебни образовни потреби и нивно целосно вклучување во вонnаставните активности.

Во вонnаставните активности се вклучени ученици со различни способности. Во модната ревија се вклучени ученици од текстилно образование кои изработените модели ги претставуваат не само во училиштето туку и на државно ниво поточно на Образовно Рандеву кое секоја година се одржува низ различни градови во државата исто така и учениците од хемиско-технилошката струка со активно вклучување во сите активности организирани во општината и на Образовното рандеву на државно ниво.

Во музичкиот дел, хорот и оркестар се вклучени ученици што имаат афинитети кон музика, во драмските представи ученици кои знаат да глумат, на разни натпревари учествуваат ученици талентирани и надарени по некој предмет, на ученички екскурзии има можност да оди кој сака, на спортски натпревари одат екипите од училиштето (ракомет, фудбал и др.).

Учениците имаат целосна подршка од наставниците и од училиштето да се вклучуваат и да работат на разни проекти во Црвен крст, ПХВ работилници, дебатен клуб, МОН модел обединети нации, запознавање со основите на сообраќајната безбедност и култура за учениците од средното образование, Визии и желби за Европа, моделот и иднината на Европа и други разни манифестации,вклучување на наши ученици во планирани активности од проектите, активно учество во работилници од областите „Борба против трговија со луѓе ", Не биди муле( превенција од штетно влијание на дрога ), Превенција од сида. Нивниот труд и постигнати успеси се пофалувани и наградувани.

Придобивките од вонnаставните активности се големи и за учениците и за училиштето. Учениците ги проширувaат и продлабочуваат своите знаења, стекнуваат вештини и способности, се запознаваат со одредени проблеми и доаѓаат до сознанија како полесно да ги решат. Учеството во вонnаставните активности им помага да им се подобри соработката, комуникацијата со луѓе од

нашата држава и надвор од неа. Успесите што ги постигнуваат, ги потикнуваат да работат многу повеќе, да постигнуваат повеќе и да се изградуваат како личности.

Успесите на учениците го афирмираат нашето училиште и го вбројуваат во училиштата кои со своите достигнувања можат високо да се оценат. Најголем број од учениците сметаат дека придобивките од воннаставните активности е голема. Поголем квантум на знаење, зголемување на активноста на часовите, вклучување на училиштето во разни активности, поголема мотивација на часовите, подобар углед и ранг на училиштето, побрзо и полесно усвојување на материјалот, основа за на факултет и корист во секојдневниот живот.

Реализацијата на наставните планови и програми како и воннаставните активности во голема мера го помагаат личниот општествениот развој на учениците, како на машките така и на женските ученици како и на учениците од различно етничко потекло. Преку наставата и воннаставните активности учениците ја надградуваат својата комуникација, соработка, толеранција и култура. Полесно се справуваат со конфликти, се учат на толеранција и соживот, се определуваат за живот без насилство.

Со сите активности учениците го надградуваат своето знаење, го дооформуваат својот карактер, се изградуваат како личности кои живеаат во држава во која е потребна меѓуетничка соработка.

**Силни страни**

Квалитетно изработени годишни, тематски и дневни планирања на наставниците што се во согласност со Наставните плановии програми донесени од Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието

Кадар кој е квалификуван за изведување на настава во гимназиско и стручно образование, со користење на компјутерска технологија и нови наставни форми и методи.

Соработка меѓу наставниците во стручните активи

Добра соработка со стручната служба обезбедува услови за изведување на современа настава

Наставниците разменуваат искуства и информации при планирањето

Наставникот избира соодветни задачи и активности користејќи при тоа различни ресурси Континуирано се следат постигнувањата на учениците и се превземаат активности за нивно подобрување

Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира почитување, помош, соработка и разбирање

| |
|---|
| Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат и соработуваат<br>Наставниците остваруваат солидна меѓусебна интеракција како и интеракција со учениците<br>Наставникот ја поттикнува интеракцијата помеѓу учениците<br>Наставникот ги идентификува и почитува образовните потреби на учениците<br>Наставникот користи различни форми, методи и инструменти на оценување<br>Учениците се запознаени со критериумите и стандардите на оценувањето од страна на наставниците<br>Наставниците редовно ги известуваат родителите за напредокот на учениците..<br>Имплементација на еколошката едукација во образованието.<br>Имплементација на содржините поврзани со животните вештини на учениците |
| **Слаби страни**<br><br>Недоволно заинтересираност од учениците од стручните паралелки и послабите ученици од гимназиските паралелки за вонанставни активности<br>Неконтинуирана реализација на дополнителна и додатна настава поради преобемна програма во стручните паралелки, голем неделен фонд на часови, незаинтересираност на учениците, поврзаност со превоз на учениците и др<br>Потреба од поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби<br>Мотивираноста на учениците е во раст, но сеуште не е на посакуваното ниво.<br>Дел од учениците сметаат дека наставниците не ги мотивираат доволно да го постигнат својот максимум.<br>Навиките на учениците да учат за оцена, а не за знаење.<br>Недоволен интерес на родителите за соработка со училиштето и нередовно доаѓање на родителските средби од поедини родители (претежно на ученици кои нередовно го посетуваат училиштето и ученици кои имаат потешкотии во учењето) |
| **Приоритети**<br><br>Потреба од изработка на процедура со ученици кои имаат потешкотии во учењето и други образовни потреби<br>Континуирано одржување на постоечката техничка опрема (компјутери, печатачи, ЛЦД проектори) навремена замена на неисправната и застарена опрема со нова, како и набавка на нагледни средства и стручна литература<br>Примена на иновативни форми, методи и техники на учење од страна на сите |

наставници
Во наставните содржини да се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето.
Да се зголеми мотивацијата на учениците за вклучување во вonнаставните активности и натпревари.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

-Следење на постигањата на учениците по наставни предмети, државна матура, училишна матура и завршен испит по полова и етничка структура и квалификациони периоди за учениците од гимназиско и стручно образование.
-Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето ,на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби
-Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.
-Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование.
-Редовност на учениците.
-Осипување на учениците.
-Премин на учениците од едно училиште во друго.
-Учениците кои не ја завршуваат годината.
-Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците.

**Силни страни**

Постигањата на учениците континуирано се следат по наставни предмети, полова и етничка структура во гимназиско и стручно образование на крајот на секое тримесечие ,како и на крајот на првото полугодие и на крајот наставната година. За успехот и постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку одржување на родителски средби, поединечни средби, електронскиот дневник и евидентни листови за успехот и поведението на учениците.

По секој наставен предмет следи континуирано оценување во текот на целата наставна година. Оценувањето на учениците се базира на принципите на

јавност,објективност и демократичност.

Анализите покажуваат дека подобар успех постигнуваат гимназиските паралелки, во споредба со успехот на паралелките од текстилната и прехранбена струка.

По завршувањето на четврта година, учениците се упатуваат на матурски испит и имаат можност сами да се определат за полагање на училишна или државна матура. Учениците кои полагаа во јунската испитна сесија постигнале солидни резултати за разлика од августовската испитна сесија што е сосема нормално бидејки во август останаа учениците кои по втор пат ја полагаа матурата.

Нашите ученици земаат активно учество на натпреварите што се организираат на општинско, регионално, државо и меѓународно ниво при што постигнуваат одлични резултати со освоени голем број на награди.

За подобрување на постигањата на учениците наставниците применуваат различни форми и методи на работа(групна работа, тимска работа, презентација и демонстрација, и употреба на ИКТ во наставата) со тоа часовите на учениците се поинтересни и има поголема комуникација помеѓу учениците и наставниците.

За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал преку текот на целата учебна година се организира дополнителна настава. За учениците кои посебно се истакнуваат,преку додатна настава се спремаат за учество на натпревари. Училиштето редовно изготвува распоред за дополнителна и додатна настава.

Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и доколку се јават разлики во постигањата училиштето ги анализира причините и превзема посебни активности за надминување на разликите што се јавуваат во такви ситуации.

Во училиштето е намалено движењето на учениците од еден во друг образовен профил. Најчесто учениците остануваат во струката за која конкурираат во почетокот на учебната година, гимназија, техничар за изработка на облека или прехрамбен техничар.

Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.

Интеркултурното образование не се реализира како посебен наставен предмет, туку претставува трансверзален пристап во изучувањето на постојните наставни предмети. Во рамките на реализацијата на образовно воспитниот процес на

учениците им се овозможува постигања во дел на сопствените интеркултурни компетенции пред се преку следниве активности:
-стекнување на знаења во општобразовниот процес
-развивање вештини и демонстрирање на одредени таленти
-ги истакнуваат сопствените способности,ставови ,мислења и идеи
-квалитетни општообразовни и воспитни знаења кај учениците
-создавање и ширење на другарство како социјален сегмент
-секојдневни меѓусебни контакти за размена на знаења и искуства и др.

Во училиштето се избира Првенец на генерацијата и се избираат 10 најдобри ученици од завршните класови кои добиваат наградно патување низ Европа.

Редовноста во наставата е клучен сегмент во образовно-воспитниот процес во училиштето затоа систематски се следи редовноста на учениците преку евидентирање на отсуството во дневниците за работа, месечни, тримесечни, полугодишни и годишни извештаи. Кога кај учениците ќе се евидентира намалување на успехот или поголем број на отсуства од настава се известува стручната служба на училиштето, се анализираат причините за отсуство, се разговара со учениците и со родителите. Стручните служби изготвуваат извештаи кои се разгледуваат од страна на Наставнички совет со цел за донесување на конкретни мерки за намалување на отсуство од настава.

Педагошките мерки се изрекуваат согласно со Законот за средно образование.

Постигањата на учениците со посебни образовни потреби се следат од инклузивниот тим на ученикот.

Во училиштето има стратегија за запишување на ученици во прва година, при што се преземаат повеќе активности за поголем опфат на ученици, како што се посетите и презентацијата на училиштето во основните училишта, делењето на флаери кои содржат информации за училиштето, информирање на учениците за училиштето на социјалните мрежи, како и посета на учениците од основното образование на Отворениот ден на училиштето.

Во училиштето има мал број на ученици кои го напуштаат училиштето во текот на учебната година, но и мал број на запишани ученици во текот на учебната година. На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница.

Во училиштето се повеќе се намалува бројот на ученици кои остануваат на поправен испит, но мал број на ученици се упатуваат на испит на годината по еден, два или сите предмети и по завршување на испитите нема повторувачи.

Родителите и учениците се информирани дека имаат право на приговор и жалба до Наставнички совет доколку не се задоволни од оценувањето по некој наставен

предмет.
Учениците активно учествуваат во голем број на проекти кои се реализираат во училиштето, на локално, државно и меѓународно ниво.

**Слаби страни**

-Дополнителната настава тешко се реализира заради поголемиот број на часови на учениците, распоредот на наставниците кои реализираат настава и во други училишта, како и организираниот превоз на учениците кои патуваат.
-Отсуствата на учениците и покрај многубројните заложби на наставниците, класните раководители, стручната служба и директорот на училиштето
-Мал дел од родителите покажуваат незаинтересираност за присуство на родителските средби и на разговор со стручната служба.
-Недостаток на учебници во стручно образование
-Намален број на ученици во прва година
-Запишување на ученици во прва година во соседните општини

**Приоритети**

-Отварање на нови струки во училиштето
-Зголемен број на часови за дополнителна настава
-Намалување на бројот на изостаноци во училиштето
-Обезбедување на учебници по сите предмети
-Поголем опфат на ученици во прва година

**Подрачје 3: Учење и настава**

**Опис/резиме на подрачјето**

Координираноста на наставниот кадар заедно со стручната служба и директорот овозможуваат на учениците квалитетна настава и пријатна атмосфера во училиштето.
Во училиштето има добри просторни услови за реализација на воспитно-

образовниот процес.

Училиштето навремено ги информира наставниците преку истакнување на календарот за организација на учебната година, како и стручна помош од страна на педагошко-психолошката служба во однос на формата и начинот на изработка на планирањата. Кај педагошко служба се води евиденција за сите изработени планирања по предмети за сите наставници. Наставниците имаат подготвени годишни и тематски планирања уште на почетокот на секоја учебна година за кои целосен увид има стручната служба ( педагог) заедно со директорот. Дневните планирања се изработуваат тековно, за кои увид во нивната реализација се води од страна на директорот и стручната служба. Во годишната програма се наведени задолженијата во однос на временската реализација и начинот на следењето на планирањата на наставниците како и реализацијата на истите.

Поголем број од наставниците  користат разновидни наставни форми и методи: на пр. работа во групи, предавања, индивидуална работа, интерактивна настава, практични активности, користење на ресурси (средства и материјали) со што успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, вештина за соработка,комуникација,критичко мислење и др. ,додека останатите делумно. Наставниците ги ангажираат учениците да изработуваат различни материјали кои подоцна служат како нагледни средства, а истовремено се поттикнува креативноста и индивидуалните афинитети на учениците. Разновидноста на адекватни наставни форми и методи се поддржуваат и преку овозможување на наставниците да присуствуваат на обуки, средби, семинари, работилници и стручно усовршување на наставниците.

Наставниците се однесуваат со взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Не се прават разлики по ниеден основ (пол, вера, социјална структура, етничка припадност и сл.)

Училиштето ја оценува работата на наставниците преку посета на часови од страна на директорот и педагошко-психолошката служба , реализацијата на планираните активности, ангажираноста во вон-наставните активности, но ја следи и преку евиденцијата за  успехот што го постигнуваат учениците (учество на натпревари, презентации и сл.).

Наставниците користат разни позитивни приоди за го поттикнат интересот и љубопитноста кај учениците.

На различни начини им посветуваат внимание на учениците кои поспоро напредуваат со одржување на дополнителна настава, индивидуален пристап спрема ученикот, давање дополнителни полесни задолженија и др.Сите наставници ги поттикнуваат и упатуваат учениците да користат дополнителни материјали (интернет, списанија, енциклопедии и др.) со цел да ги продлабочат своите знаења.
Во училниците има функционално поврзани компјутери. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата.

Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. Учениците учествуваат во уредувањето на училницата. Изработки од учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми. Редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд без разлика на полот верската ориентација и способностите за учење. Наставниците ги ангажираат учениците да изработуваат различни материјали кои подоцна служат како нагледни средства и им помагаат во совладувањата на наставната материја, а истовремено се поттикнува креативноста и индивидуалните афинитети на учениците

Секој наставник индивидуално ги идентификува учениците со потешкотии со кои предметните наставници држат дополнителна настава и задачи кои одговараат на нивното ниво. Исто така и стручните служби водат разговори со учениците. Најголем број и од наставниците користат разни методи и техники во поучувањето на слабите ученици, за да постигнат подобар успех. Наставниците имааат целосна подршка за да може да ги реализираат и задоволат индивидуалните образовни потреби на учениците, преку солидно опремени кабинети. Сите наставници користат разни форми и методи и техники за континуирано оценување и континуирано го следи напредокот и континуитетот во напредокот на учениците. Напредокот на учениците се следи преку тестови, усни повратни информации, водење портфолио, работа преку проекти, дискусии и дебати т.е. континуирани следење на напредокот на учениците во наставниот процес.

Сите наставници редовно и навремено даваат повратни информации на учениците за нивниот напредок и оценка. како и класните раководители навреме ги известуваат родителите.

**Силни страни**

| |
|---|
| -Наставата е усогласена со наставните програми за средно образование и со потребите на учениците.<br>-Наставниците применуваат современи наставни методи, со комбинирање на теоретска и практична настава.<br>-Во наставниот процес се применува стручна и практична ориентација, особено во стручните предмети.<br>-Се користи ИКТ и дигитални алатки за унапредување на квалитетот на учењето.<br>-Наставниците поттикнуваат активно учество, самостојно учење и критичко размислување кај учениците.<br>-Се применува континуирано формативно и сумативно оценување, со јасни критериуми.<br>-На учениците им се дава редовна и навремена повратна информација за нивниот напредок.<br>-Наставниот процес се одвива во позитивна, безбедна и мотивирачка средина.<br>-Се реализираат проекти, практични задачи и тимска работа, со поврзување на наставата со реални ситуации.<br>-Наставниците континуирано работат на професионален развој и унапредување на наставните компетенции.<br>-Се поттикнува развој на клучни компетенции кај учениците (комуникација, дигитални вештини, претприемништво).<br>-Училиштето има формирано инклузивен тим кој има изготвено програма за работа |
| **Слаби страни**<br><br>-Поради големиот број на часови  и организираниот превоз на учениците од стручните паралелки немаат можност да реализираат дополнителна и додатна настава во целост.<br>-Поголем дел од наставниците применуваат фронтална и индивидуална форма на работа |
| **Приоритети**<br><br>Современата настава треба да ги подготви учениците за живот во технолошки развиено и глобално општество, со фокус на развој на компетенции како критичко размислување, решавање проблеми, креативност и дигитална писменост. Учењето треба да биде интегрирано, поврзувајќи различни предмети и реални ситуации, наместо да се сведува само на традиционално пренесување знаења.<br>Наставниците треба да користат истражување, дискусии, практични задачи и |

интердисциплинарни активности, за да се развијат когнитивните, социјалните и емоционалните аспекти на учениците. Секоја наставна програма може да се адаптира со современи принципи – поврзување со реални контексти, критичко размислување и дигитални алатки.

Преку иновативни методи, технологија и поставување на учениците во центарот на учењето, наставата станува порелевантна и поефективна. Овој пристап ги подобрува резултатите на учениците, вклучувајќи ги и на ПИСА тестирањата, кои ја оценуваат способноста за примена на знаења во читање, математика, природни науки и дигитално учење.Современите стратегии ја зголемуваат функционалноста на знаењето и ја подготвуваат младата генерација за успешен живот и работа во 21 век.

| **Подрачје 4; Подршка на учениците** |
|---|
| Севкупна грижа за учениците<br>-Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>-Превенција од насилство<br>-Заштита од пушење,алкохол и дрога<br>-Квалитет на достапна храна<br>-Подршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>-Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>Здравје<br>-Хигиена и заштита од болести<br>-Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>Советодавна помош за понатамошно образование на учениците<br>-Давање помош при избор на занимањето /институцијата за понатамошно образование ,доусовршување или вработување<br>-Грижа за учениците со емоционални потешкотии<br>Следење на напредокот<br>-Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>-Анализа на напредокот на учениците во паралелки |
| **Силни страни** |

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето ( мебел, скали, подови, прозорци, струјни места, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.
Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор ( шахти, штекери и сл. ) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите ( два пати годишно ). Направен е правилник за постапување во случај на пожар и други елементарни непогоди. Во училиштето има обележани патокази кон излезите на училиштето во случај на елементарни непогоди, при што за излез главната врата е прилагодена со отварање кон надвор .

По одредени предмети од природните науки: физика, хемија и биологија се вршат опити и експерименти кои се изведуваат во специјализирани училници-кабинети, секогаш во присуство на предметниот наставник. Групата која го изведува експериментот, ги презема сите мерки за претпазливост пред неговото изведување, т.е. наставникот ги едуцира како треба да се заштитат или како да реагираат во случај на ненамерна грешка.

Реализаирани се обука на тројца наставници за давање на прва помош и заштита , за правилно постапување во случаи на несреќа во училиштето.
Училиштето располага со прирачна аптека и ранци за прва помош и заштита, кои од време на време имаат потреба за обновување поради рокот на употреба на опремата за користење.

За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата во учебната има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училишниот двор. Исто така се ангажира по еден ученик кои има функција на дежуррен ученик и нивна задача е да ги евидентираат сите субјекти кои доаѓаат во училиштето.

За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени ситуации, училиштето е под видео надзор ( влезови, холот, ходниците, канцеларија ).
Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно.
Според пишан документ, во училиштето се забранети сите видови на психичко и физичко насилство.

Училиштето има донесено Правилник на однесување на учениците во кој е

наведено дека, доколку кај учениците се јават проблеми од било каков карактер ( лични, во врска со училиштето, социјалниот живот ) можат да се обратат за помош кај педагошко- психолошката служба во училиштето, можат да пријават анонимно на телефонските броеви оставени во ходникот на училиштето на кутијата за поплаки, пофалби или или пријавување на насилство, како и на веб странта на училиштето. За постоењето и помошта од психолошко - педагошката служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од класниот раководител на класен час, родителите на родителска средба и Советот на родители како орган од претставници на родители на деца кои посетуваат настава во нашето училиште на нивниот состанок.

Стручната служба во согласност со годишната програма на училиштето организира работилници и трибини, преку кои учениците се насочуваат за да препознаваат облици на насилство и заштита од истите, како и превенција од меѓусебно насилство, омраза и други типови на нетрпение во училиштето. Како дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се реализираат работилници од страна на врснички едукатори, како и работилници со родители на препознавање , превенција и пријавување и решавање на насилството.

Врз основа на анализата добиена од спроведениот прашалник за присуство на насилство меѓу учениците во училиштето дојдовме до заклучок дека учениците се добро информирани што е насилство, решителни за пријавување на насилство доколку го има, најпрво кај класниот раководител, педагогот, социологот и помала процентуалност кај останатите субјекти во училиштето Според овој прашалник во кој учениците ја рангираа безбедноста во училиштето најголемиот процент ја дале највисоката оценка на скалата што докажува дека тие навистина се чувствуваат безбедни во училиштето додека се на настава а ова за нас е највалидниот извор на сознание за чувството на безбедност на учениците во во училиштето.

Училиштето има политика за забрана на пушење, , консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, која подразбира дека во училиштето ( училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор ) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци.

Во согласност со годишната програма за работа на училиштето, стручната служба воспоставува соработка со соодветни институции од локалната заедница и организира предавања од стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога. Ваквите предавања се од голема корист за учениците да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците.

Дополнителна едукација, учениците за превенција добиваат по одделни

предмети, проектни активности, трибини, како и од предметните наставници и стручни соработници кои реализираат часови после следење на обука преку ЕДУЛАБ. ,

Во училиштето нема организирано достава на храна и истото не располага со кујна и менза за учениците. Надвор од училишниот двор постојат неколку продавници за бели пецива од кои учениците се снабдуваат со храна додека се на училиште, кои по сознание на училиштето подлежат на редовна контрола од страна на санитарната инспекција за проверка и утврдување на квалитетот на храната, во согласност со законските правила за производство и продажба.

Преку зацртаните планови и програми на ЕКО одборот на училиштето ( кое е вклучено во ЕКО програмата ) е опфатена активноста здрава исхрана, т.е. користење здрава и свежа храна.

Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот. Училиштето соработува со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за оваа категорија на ученици и настојува во поттикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца.

Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Ова категорија на ученици непречено можат да се движат во дворот и на првиот кат на училиштето,.Има изградено тоалет прилагоден за нивните потреби. Внатрешните скали не се прилагодени за потребите на оваа категорија ученици, па затоа во таков случај наставата се изведува само на првиот кат.

Од страна на личните асистенти, безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е потребно.

Ученичкиот совет може да собира одредени средства за помош на ученици, но со строго дефинирани чекори утврдени со правилник издаден од страна на МОН. За оценување на социјалните потреби училиштето користи непосредни разговори со учениците, родителите и службите за социјална грижа и тоа со помош на психолошко – педагошката служба на училиштето. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност, најголема поддршка добиваат од разговорите со класниот раководител и стручната служба на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. Училиштето за целосна интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставните и вонnаставните активности (екскурзии, натпревари, облека,), самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, најчесто преку спонзори од локалната заедница и преку хумани а ции организирани од учениците за помош и поддршка на соученици од социјално загрозени семејства. Редовно се следи и редовноста на учениците од социјално загрозените семејства

кои се корисници на материјални средства од условен паричен надомест во соработка со повеќегодишниот проект од Министерството за Труд и социјална политика.

Училиштето располага со правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности(ходници и скали, метење три пати во денот, рибање- најмалку двапати дневно,. училници- метење и рибање по еднаш во текот на денот,другите простории ,наставничка канцеларија, канцеларија на директор, педагог, социолог и сите останати простории- метење и рибање еднаш во текот на денот. )

Комплетно чистење на просториите, прозорците, завеси, мебел се прави два пати во годината, по еднаш во полугодие. Дезинфекција на тоалетите, ученички и наставнички се прави по еднаш во денот по завршувањето на наставата. Отстранување на отпад се врши со завршување на смената.

Дворот во училиштето е чист од секакви отпадоци, тревните површини редовно се оддржуваат од страна на лице задолжено за оддржување на училишниот двор. Во дворот на училиштето, во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, а наставниот кадар се грижи учениците отпадот да го фрлаат во нив. Училиштето во почетокот на учебната година реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простории во училиштето.

По потреба, во случаи на епидемии од грип, истото може да се изврши и по повеќе од два пати. При појава на епидемија училиштето во согласност со правилата и насоките дадени од епидемиолошката служба, ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата, учениците, родителите и наставниците за посебен режим на однесување, како во училиштето така и надвор од училиштето, се со цел навреме откривање и побрзо санирање на болеста.

Стручната служба во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето, на ученици поради болест и врз основа на тоа се превземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата.

Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење дезинфекција и лична хигиена. Санитарниот јазол е релативно добар, но во приоритет на училиштето во годишната програма за работа е предвидено негово целосно реконструирање и истото е завршено на првиот кат.

Учениците од прва и четврта година, еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед, со кои се идентификуваат здравствените проблеми на учениците. Специјалист по школска медицина доставува список со наоди во училиштето. Ако се забележат посериозни здравствени проблеми, учениците заедно со родителите се повикуваат во диспанзерот или им се советува да го посетат матичниот лекар. Во прилог за правилно задоволување на потребите на

овие ученици се и разговорите со педагошко – психолошката служба, наставниците и директорот на училиштето.

На учениците кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на класен испит на крајот на годината.

Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со класниот раководител. Класниот раководител за тоа ги информира предметните наставници, а посебно наставниците кои предаваат спорт и спортски активности. За тие ученици се води посебна евиденција и се прават вежби соодветни за нивната здравствена состојба.

Наставниците кои предаваат спорт и спортски активности во согласност со програмата и планот за работа вршат мерења на тежина, висина и држење на телото. Тие резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците. Со учениците кај кои се забележани физички проблеми се изведуваат специјални вежби или се праќаат за помош кај стручни лица. За учениците со посебни образовни потреби и пост – конфликтни трауми, од голема помош се разговорите и соработката со училишниот педагог и социолог. Тие во секој момент им стојат на располагање на учениците за решавање на проблемот.

Во училиштето се организираат предавања од стручни лица за едукација и заштита на младите девојки од несакана бременост. Статутот на училиштето не забранува редовна настава за бремени девојки.

Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование. Во трета година учениците од гимназиското образование имаат можност да одберат пакет предмети според нивниот интерес, кој би бил влез за соодветен факултет.

Исти така учениците од стручните паралелки (хемиско-технолошка струка и текстилно-кожарска струка) имаат изборни предмети во трета година, со цел продлабочување на нивниот стручен позив.

Учениците од стручните паралелки преку практичната настава и феријалната практика која ја следат директно се оспособуваат за пазарот на трудот, како и да бидат конкурентни на истиот.

Училиштето им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за понатамошно образование, доусовршување преку добро осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во училиштето.

Учениците од четврта година се анкетираат за нивните професионални планови и интереси за високообразовните институции каде сакаат да го продолжат своето образование. Добиваат навремени информации за концепцијата на државна

матура како услов за конкурирање на факултет.

Се организираат дебати во кои учествуваат познати и докажани личности кои го изнесуваат своето искуство за професијата што ја извршуваат, впечатоците од студирање на факултетот што го имаат завршено и мотивите за доусовршување во областа на којашто и припаѓа професијата што денес ја работат.

Со учениците се разговара за важноста на одлуката поврзана за изборот на професијата во животот на човекот. Заинтересираните ученици се тестираат со тестови за вештините, способностите и особините кои ги поседуваат во соработка со соодветни институции. Исто така, доброволно, по сопствена желба се оценуваат нивните општи, специфични интелектуалните способности и лични особини со психодијагностички мерни инструменти кои им помагаат во оформување на сликата за самите себе која е многу важна за реални амбиции односно за менталното здравје Учениците се оспособуваат за изработка на професионална биографија, мотиционо писмо, а добиваат и битни информации поврзани со интервјуто за работа. Училиштето соработува и со агенцијата за вработување која по наше барање ни доставува извештај за бројот на пријавените лица со завршено високо образование.

Претставници на високообразовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации при што учениците ги запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации на нивни прашања. За таа цел користат и промотивни материјали како летоци, брошури, ЦД и сл.

Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот ( на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...). Со нив разговара стручната служба во училиштето ( педагог и психолог) која им помага преку советодавни и консултативни разговори или ги упатува до релевантни институции.

Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, ПС-ОН и други организации и компетентни институции.

За секој клас се води дневник на паралелка во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата т.е оценките по одделните наставни предмети, поведението, отсуствата ( доколку ги има ). Постигнувањата на учениците по изборни проектни активности исто така се евидентираат описно ( реализирал или нереализирал ). Во дневникот на паралелката се евидентираат и учениците кои учествувале на натпревари, освоените награди и признанија ( евиденција за овие ученици се води и кај стручната служба во училиштето ).

Отсутноста на учениците од настава се следи, исто така, секојдневно и отсутниот ученик се евидентира во рубриката за отсутни ученици, а бројот на изостаноци се евидентира во рубриката за изостаноци. Според бројот на

изостаноци направени во текот на учебната година, се одредува поведението на учениците како: примерно, добро и незадоволително.

Доколку ученикот покаже поголеми слабости во учењето или рефлектира недолично однесување се упатува на разговор со училишниот педагог.

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, но не и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата не се посебно акцентирани добрите страни на ученикот/ученичката и неговите/нејзините развојни потенцијали. Во евиденцијата не се внесени и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на ученикот/ученичката.

Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класниот час, родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно – на индивидуални средби со класниот раководител и предметните наставници, употребата на е-дневникот за родители/старатели и преку евидентните листови креирани во е-дневникот, секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година .

Со електронскиот дневник се овозможува полесно информирање и секојдневна контрола од страна на родителите за постигнувањата и изостаноците на своите деца.

Стручната служба редовно изготвува тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на години, според податоците добиени од класните раководители.

Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и Класните совети постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на Советите на паралелките, на Наставничките совети и со родителите на родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноци на Советот на родители.

За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети.

Училиштето во почетокот на секоја година си одредува приоритети, кои ги евидентира во Годишната програма на училиштето (развивање воспитна

компонента на образовниот процес, градење партнерство и соработка со родителите на учениците, намалување на бројот на изостаноци на ниво на училиште, поголема соработка на релацијата наставник – ученик – родител).
Овие активности се координирани од Директорот на училиштето и педагошко – психолошката служба при училиштето, се со цел постигнување на подобри индивидуални ученички резултати како и за подобрување на резултатите на ниво на училиште.
Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.
Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со попреченост.
Училишната зграда и учениците се осигурани.
Училиштето има изготвено План за заштита и спасување од проценети опасности и добиено мислење од Дирекцијата за заштита и спасување.

Редовно секоја година се реализираат вежби за напуштање на училишната зграда во случај на опасност
Обучени 4 наставници за давање на прва помош на вработени и ученици при несреќни случаи
-На влезот во училиштето има дежурни Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со попреченост Училишната зграда и учениците се осигурани Училиштето има изготвено План за заштита и спасување од проценети опасности, и добиено ученици а во ходниците дежурства од страна на наставниците
-Училиштето има донесено Куќен ред, Кодекс за однесување на ученици, Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници истакнати во ходникот на училиштето и училишните простории
-Во училиштето се реализираат работилници, предавања за заштита на учениците и превенција од несакани дејствија од страна на класните раководители, стручните соработници и др. Организации како Црвен Крст
-Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од Центар за јавно здравје
-Редовно се вршат систематски прегледи согласно календарот за здравствена заштита на учениците.
-Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработени за што се водат санитарни книшки.
-Кариерното советување за сите ученици од сите години за што од оваа учебна година во училиштето има назначено двајца кариерни советници
-За учениците од завршните години се одржуваат презентации од страна на високо-образовни институции каде ги претставуваат нивните програми.
-Водење грижа за благосостојбата и заштита на учениците вклучувајќи ги и оние со

Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо“
Бул. „М. М. Брицо“ бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk

посебни потреби -
Безбедноста и сигурноста на учениците е на високо ниво -
Соработка на наставниците со педагошко – психолошката служба -
Соработка на релација наставник – ученик – родител
-Систематска евиденција за напредокот на учениците

**Слаби страни**

- Хигиената во училиштето делумна задоволува
-Недостаток на соодветни кабинети со лаборатори по природните предмети

**Приоритети**

Во училиштето приоритет секогаш ке биде обезбедување на основните услови за работа ,како што е безбедна училишна зграда , безбеден училиштен двор , санитарни јазли , редовни систематски прегледи за учениците и професорите , спортски игралишта и полигон . Учениците да добијат соодветна стручна помош од стручната служба во училиштето. Училиштето, учениците и родителите преку класните раководители да се информираат за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба и тоа преку родителските средби и директните контакти со нив . Имајки го во предвид фактот дека по завршувањето на средното образование учениците се соочени со изборот на нивното понатамошно образование или вработување , во рамки на нашите можности училиштето секогаш ќе им помага на учениците и во оваа многу чувствителна област од нивниот живот.Како воспитно образовна институција училиштето води евиденција за напредокот на учениците , нивната редовност , поведение во училиштето . Постоечката евиденција со која располага училиштето постојано ќе им биде достапна на наставниците , стручната служба , директорот , советниците , родителите и учениците . При преминот од едно во друго училиште се користи евиденција , а тоа се преведници кои содржат информации за успехот , поведението , редовноста и генерални биографски податоци , а исто така и молба и пријава при уписот . Солидни постигања на учениците се како резултат на подобрената редовност, подобрување на соработката со родителите, како и постигнување на позитивна комуникација помеѓу наставниците и учениците. Мал број на конфликтни ситуации и намалено поведение.

Продолжување на големиот број на вonнаставни активности преку кои учениците ќе можат да ги истакнат своите способности и да се докажат.

| **Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето:**<br><br>Ова подрачје се однесува на вкупната атмосфера во училиштето и квалитетот на меѓучовечките односи помеѓу учениците, наставниците, стручните служби, раководството и родителите. Училишната клима ги опфаќа чувството на безбедност, прифатеност и почит, како и нивото на доверба, соработка и меѓусебна поддршка во училиштето. Во фокус е промовирањето позитивни вредности, ненасилна комуникација, инклузивност и еднакви можности за сите ученици. Подрачјето ги разгледува и механизмите за решавање конфликти, спречување дискриминација и насилство, како и активното учество на учениците и родителите во создавањето позитивна и мотивирачка училишна средина. |
| **Силни страни:**<br><br>Соработка со родителите, постигнување на извондредни резултати на сите активи во разни државни, регионални и светски натпревари, еднаквост и правична полова и етничка застапеност на учениците во училиштето, грижа за ученици од послабо ситуирани семејства, добра соработка со локалната самоуправа, медиумите и др. , добро функционирање на училишна заедница и нејзиното раководство, високо стручен и професионален кадар, безбедни услови за работа, учество во хуманитарни акции, учество во разни натпревари организирани од Црвениот Крст и противпожарна заштита и освојување на награди, соработка со стручната служба, соработка со стопански сектор, редовно информирање на учениците и родителите по електронски, писмен и устен пат, почитување на правата на децата, почитување на сопствената култура и традиција и почитување на разликите од другите, континуирано следење на личните постигања на учениците и на училиштето |
| **Слаби страни:**<br><br>Недоволно изградени критериуми за наградување на наставниците, слаба интернет-конекција, недоволна ангажираност на техничкиот персонал за подобрување на хигиената во училиштето , потребна е обука на наставниците за работа со ученици со посебни потреби, одредени недоразбирања помеѓу поединци во колетивот кои не влијаат на образовно-воспитниот процес. |

**Приоритети:**

Училиштето продолжува да води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Училиштето се стреми да ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Нашите ученици постојано се присутни во медиумите со најразличните активности кои ги преземаат, со учеството на натпреварите и освојувањето на наградите. Училиштето се стреми учениците да имаат се подобро образование и подостапни услови тоа да го стекнат.

**Подрачје 6: Ресурси**

**Опис/резиме на подрачјето:**

Училиштето располага со соодветни простории, функционални кабинети, помошни простории, спортска сала, училишна библиотека, како и опрема и наставни материјали кои се набавуваат и обновуваат согласно програмите и финансиските можности.

Постојат информатички кабинети, специјализирани кабинети за стручни предмети, компјутери за административен персонал и наставници, како и систем за електронско читање/евиденција.

Училиштето обезбедува и стручен кадар, најчесто со полно работно време, но делумно и преку ангажман по договор или преку споделени наставници со други училишта.

Набавките на материјали, опрема и литература се реализираат согласно законските постапки, преку анкетни комисии, училишниот одбор и општината.

**Силни страни:**

-Добро развиена материјално-техничка база (кабинети, спортска сала, библиотека).
-Доволно компјутерска опрема за наставници, администрација и дел од наставата.
- Редовно спроведување на јавни набавки согласно законот.
- Функционална библиотека со солиден книжевен фонд.

| |
|---|
| - Стручни наставници, дел со долгогодишно искуство и одлични квалификации.<br>- Редовно следење на потребите за обновување на наставни средства, поправка на опрема и инфраструктура.<br>- Соодветна евиденција, документација и системи за следење на ресурсите. |
| **Слаби страни:**<br><br>Дел од кабинетите и опремата се застарени и бараат модернизација.<br>- Недоволно наставни средства за дел од стручните предмети (особено практична настава).<br>- Делумна зависност од наставници со определено работно време или преку дополнителен ангажман од други училишта.<br>- Недостаток на финански средства за поголеми реконструкции и обнова на сите простории.<br>-Компјутерската опрема не е подеднакво распоредена во сите училници.<br>- Недоволни современи дидактички материјали и потреба од нивно постојано обновување. |
| **Приоритети:**<br><br>1. Модернизација на опремата и кабинетите<br>– Обнова на компјутери, лабораториска опрема, мултимедијални средства и специјализирани уреди.<br>2. Подобрување на условите за практична настава<br>– Набавка на современи уреди, инструменти и материјали за стручните насоки.<br>3. Зголемување на фондот на литература и дигитални ресурси<br>– Дополнување на библиотеката со нови наслови, електронски материјали и стручна литература.<br>4. Планирано и одржливо финансирање<br>– Подобро буџетирање, учество во проекти, аплицирање за грантови и партнерства.<br>5. Обезбедување на стабилен наставен кадар<br>– Намалување на зависноста од наставници со определено работно време и пополнување на недостигот.<br>6. Подигнување на квалитетот на дигиталните алатки и е-системите<br>– Воедначување на ИКТ опрема во сите училници и подобра техничка поддршка. |

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Целите на развојното планирање се прецизно и јасно дадени во Развојниот план и Годишната програма за тековната учебна година. Планирањето се базира на податоци кои ги даваат стручните активи, педагошко-психолошката служба, Наставничкиот совет, Советот на родители, податоци од Годишниот извештај за работата на училиштето, Годишниот финансов план како и врз основа на Самоевалуацијата на училиштето. - Одговорноста за годишното планирање ја има Директорот на училиштето, педагошко - психолошката служба и стручните активи. Тие ја предлагаат Годишната програма за работа и превземаат мерки за нејзино спроведување и поднесуваат извештај за реализација на истата. Наставничкиот совет дава мислење по предлогот на Годишната програма за работа и го следи нејзиното реализирање, истата се донесува на УО на училиштето која се усвојува на Советот на Општината. Долгорочните планирања се ставени во Развојниот план. Информираноста на заинтересираните структури за поставените цели и за динамиката на нивното реализирање е на високо ниво.

Наставниот кадар во училиштето континуирано се усовршува преку редовна посета на семинари, обуки и проекти, за изведување на квалитетен воспитно – образовен процес. Во однос на учениците со различни способности и предиспозиции училиштето има изготвено програма за работа со талентирани ученици и спроведено обука на наставниот кадар за истото. За учениците со послаби способности организирањето на дополнителната настава се изведува континуирано во текот на наставната година согласно планирањата на наставниците, како и реализирање на консултативна и друг вид на настава во текот и по завршувањето на однесување. Сите превземени дисциплински, педагошки мерки изречени на состаноците на Наставничкиот совет влегуваат во записникот, а посебна документација и евиденција води педагошко-психолошката служба. Во секоја училница има кодекс за однесување на ученикот во училиштето. Покрај тоа постои и Кодекс за однесувањето на наставниците. -Во врска со давањето подршка на учениците за унапредување на здравјето, разрешувањето на кризни состојби или за друга проблематика од локален карактер Раководниот тим и Наставниот кадар, вклучувајки ја и педагошко-психолошката служба промовира родителски однос кон учениците. Секоја учебна година во соработка со здравствениот дом се извршуваат систематски прегледи на учениците, на класните часови се читаат едукативни предавања за актуелни теми кои се спроведуваат преку програмата за Образование за животни вештини со кои се води грижа за психофизичкото здравје на личноста на учениците, активно вклучување на учениците во вон-наставните

активности од областа на спортот и спортските активности.

Во соработка со Црвениот крст- Делчево, МВР- Делчево се организираат предавања и трибини за здравјето и безбедноста на учениците на кои присуствуваат стручни лица од различни области. Во разрешувањето на кризните состојби е вклучена и педагошко-психолошката служба која заедно со класните раководители дава советодавна помош на учениците.

**Силни страни**

Управувањето и Раководењето од страна на Училишниот одбор и Раководниот тим е согласно Законот за средно образование, Законот за работни односи, Колективен договор и Статутот на училиштето;
Вклученост и ангажираност на Училишниот одбор и Наставниот кадар во креирањето на училишната политика.
Високо транспарентна училишна политика;

**Слаби страни**

Нецелосно спроведување на документите и актите донесени од страна на органот на управување на училиштето,наставничкиот совет и другите стручни органи и тела на училиштето од страна на вработените и учениците во училиштето.

**Приоритети**

Раководниот тим во училиштето го сочинуваат директорот помошник директорот, педагогот,социологот и раководителите на стручните активи, односно претседателите на стручните активи . Орган на управување е Училишниот одбор составен од 12 члена. Надлежностите за управување и раководење се во согласност со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишната политика е конструктивна , транспарентна со јасно дефинирани цели. Таа се води преку тимска работа и опфатеност на сите структури на училиштето. Има изготвено Правилници и кодекс за дисциплината, однесувањето, дисциплинските мерки што се преземаат, поведението, насилничкото однесување и дискриминацијата. Сите педагошки мерки се документирани. За таквата политика благовремено се информираат сите заинтересирани субјекти, а начинот на информирање се изведува преку вообичаен систем: раководниот тим го

информира Наставничкиот совет, советот на родители, локалната заедница, а Наставничкиот совет преку класните раководители ги информира учениците. Во врска со давањето подршка на учениците за унапредување на здравјето, разрешувањето на кризни состојби или за друга проблематика од локален карактер, раководниот тим и наставниот кадар вклучувајки ги и стручните соработници промовира родителски однос кон учениците.Целокупната настава во училиштето се планира од година во година преку изготвување Годишна програма за работа.Долгорочното планирање е и развојно планирање, поставено на реални основи и земајки ги во предвид расположливите ресурси на училиштето стручноста на наставниот кадар, условите, техничката опременост и нагледните средства. .

**Подрачје 8: Соработка со пазарот на труд**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во нашето училиште, покрај гимназиско постои и стручно образование, застапено со две струки и тоа од областа на сектор текстил, кожа и слични производи и сектор хемија и технологија. Во учебната 2024/25 се реализираше дуално образование и реформирано стручно образование во секторот текстил, кожа и слични производи, додека во секторот хемија и технологија само дуално образование. Во учебната 2025/26 се реализира дуално образование во двете струки. Образовни профили во сектор текстил, кожа и слични производи е техничар за изработка на облека, а во сектор хемија и технологија е прехранбен техничар. За реализација на стручното образование неопходна е огромна соработка со компаниите во општината. За да може тоа да се оствари континуирано се прават контакти со голем број на компании (точен приказ на сите компании со кои соработува училиштето во табела во прилог). Како резултат на таа соработка склучени се меморандуми за соработка со сите компании, како и договори за реализација на наставата по УПР за секој ученик поединечно. Исто така во летниот период учениците посетуваат и феријална пракса во истите компани во траење од 10 дена во прва година, 15 дена во втора година и 20 дена во трета година. Соработката со компаниите е и за вонредните ученици, за кои исто така се склучуваат договори за УПР и феријална пракса. За успешна реализација на наставата по УПР и феријална пракса наставниците заедно со менторите од компаниите имаат изработено наставни програми усогласени со програмите од ЦСОО и потребите на компаниите. Училиштето обезбедува превоз за сите ученици

како и санитарни книшки за учениците од прехранбената струка. Исто така сите ученици имаа поминато основна обука за безбедност и здравје при работа. За успешно реализирање на наставата по УПР компаниите ги исполнуваатт сите просторни услови, обезбедуваат материјали и ресурси за работа, даваат постојана подршка на учениците и училиштето со суровини и помошни материјали. За Успешно реализирање на соработката со компаниите во училишето е назначен координатор за практично образование со 10 наставни часа. Со сите компании континуирано се вршат разговори за начинот на изведување на УПР и феријална пракса. Од тие разговори може да се сумираат неколку заклучоци кои се подолу наведен и образложени. За реализирање на УПР, МОН пропишува постоење на сертифициран ментор, меѓутоа заинтересираноста на компаниите за ова е многу мала. Причини за тоа се издвојувањето на потребното време на вработените кои работат со учениците (ментори), спроведувањето на обуките во места кои се надвор од општината, прекинување или застој на дел од производниот процес за време на траење на обуката, издвојување на парични средства за обука. Одреден дел од компаниите во кои се реализира УПР и феријална пракса спаѓаат во катергоријата на мали бизниси, и за нив претставува сериозна потешкотија да обезбедат сертифициран ментор. Голема е веројатноста дека доколку тоа се наметне од страна на МОН, голем дел од компаниите ќе ја прекинат соработката со училиштето. Во тој случај се доведува во прашање постоењето на стручното образование во училиштето. Во текот на минатата година се направи напор за отварање на електротехничка струка, беа пронајдени одреден број на компании од оваа област, беше поднесено барање до МОН, но за жал истото беше одбиено.

**Силни страни**

Склучени меморандуми за соработка со компаниите од оштината
Склучени договори за реализирање на УПР и феријална пракса со компаниите од општината
Изработени наставни програми за УПР и феријална пракса со сите компании во кои тие се реализираат.
Обезбедени соодветни просторни услови за реализирање на УПР и феријална пракса
Обезбедени материјали и машини за реализирање на наставата по УПР и феријална пракса
Обезбеден превоз за учениците
Постојана поддршка на училиштето од страна на компаниите во општината
Обезбедени санитарни книшки за учениците од прехранбената струка
Одржана основна обука за безбедност и заштита при работа

| |
|---|
| Постојана поддршка на учениците од страна на менторите во компаниите<br>Координатор за практично образование во училиштето |
| **Слаби страни**<br><br>Менторите во компаниите не поседуваат сертификат пропишан од страна на МОН |
| **Приоритети**<br><br>Продолжување на соработката со компаниите во општината<br>Проширување на соработката со нови компании<br>Продолжување на правење напори за обезбедување на сертифицирани ментори<br>Отварање на нови струки и профили |

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа во СОУ„Методи Митевски Брицо“-Делчево
Потреба од изработка на процедура со ученици кои имаат потешкотии во учењето и други образовни потреби
Континуирано одржување на постоечката техничка опрема (компјутери, печатачи, ЛЦД проектори) навремена замена на неисправната и застарена опрема со нова, како и набавка на нагледни средства и стручна литература
Примена на иновативни форми, методи и техники на учење од страна на сите наставници
Во наставните содржини да се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето.
Да се зголеми мотивацијата на учениците за вклучување во вонпаставните активности и натпревари.
Отварање на нови струки во училиштето
Зголемен број на часови за дополнителна настава
Намалување на бројот на изостаноци во училиштето
Обезбедување на учебници по сите предмети
Поголем опфат на ученици во прва година
Современата настава треба да ги подготви учениците за живот во технолошки развиено и глобално општество, со фокус на развој на компетенции како критичко размислување, решавање проблеми, креативност и дигитална писменост. Учењето треба да биде интегрирано, поврзувајќи различни предмети и реални ситуации, наместо да се сведува само на традиционално пренесување знаења.

Наставниците треба да користат истражување, дискусии, практични задачи и интердисциплинарни активности, за да се развијат когнитивните, социјалните и емоционалните аспекти на учениците. Секоја наставна програма може да се адаптира со современи принципи – поврзување со реални контексти, критичко размислување и дигитални алатки.
Преку иновативни методи, технологија и поставување на учениците во центарот на учењето, наставата станува порелевантна и поефективна. Овој пристап ги подобрува резултатите на учениците, вклучувајќи ги и на ПИСА тестирањата, кои ја оценуваат способноста за примена на знаења во читање, математика, природни науки и дигитално учење.Современите стратегии ја зголемуваат функционалноста на знаењето и ја подготвуваат младата генерација за успешен живот и работа во 21 век.

Во училиштето приорите секогаш ке биде обезбедување на основните услови за работа ,како што е безбедна училишна зграда , безбеден училиштен двор , санитарни јазли , редовни систематски прегледи за учениците и професорите , спортски игралишта и полигон . Учениците да добијат соодветна стручна помош од стручната служба во училиштето. Училиштето, учениците и родителите преку класните раководители да се информираат за помошта што можат да ја добијат од педагочко-психолошката служба и тоа преку родителските средби и директните контакти со нив . Имајки го во предвид фактот дека по завршувањето на средното образование учениците се соочени со изборот на нивното понатамошно образование или вработување , во рамки на нашите можности училиштето секогаш ќе им помага на учениците и во оваа многу чувствителна област од нивниот живот.Како воспитно образовна институција училиштето води евиденција за напредокот на учениците , нивната редовност , поведение во училиштето . Постоечката евиденција со која располага училиштето постојано ќе им биде достапна на наставниците , стручната служба , директорот , советниците , родителите и учениците . При преминот од едно во друго училиште се користи евиденција , а тоа се преведници кои содржат информации за успехот , поведението , редовноста и генерални биографски податоци , а исто така и молба и пријава при уписот . Солидни постигања на учениците се како резултат на подобрената редовност, подобрување на соработката со родителите, како и постигнување на позитивна комуникација помеѓу наставниците и учениците. Мал број на конфликтни ситуации и намалено поведение.
Продолжување на големиот број на вонаставни активности преку кои учениците ќе можат да ги истакнат своите способности и да се докажат.
Училиштето продолжува да води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во

училиштето и заедницата. Училиштето се стреми да ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Нашите ученици постојано се присутни во медиумите со најразличните активности кои ги преземаат, со учеството на натпреварите и освојувањето на наградите. Училиштето се стреми учениците да имаат се подобро образование и подостапни услови тоа да го стекнат.

Модернизација на опремата и кабинетите

Обнова на компјутери, лабораториска опрема, мултимедијални средства и специјализирани уреди.

Подобрување на условите за практична настава

Набавка на современи уреди, инструменти и материјали за стручните насоки.

Зголемување на фондот на литература и дигитални ресурси

Дополнување на библиотеката со нови наслови, електронски материјали и стручна литература.

Планирано и одржливо финансирање

Подобро буџетирање, учество во проекти, аплицирање за грантови и партнерства.

Обезбедување на стабилен наставен кадар

Намалување на зависноста од наставници со определено работно време и пополнување на недостигот.

Раководниот тим во училиштето го сочинуваат директорот помошник директорот, педагогот,социологот и раководителите на стручните активи, односно претседателите на стручните активи . Орган на управување е Училишниот одбор составен од 12 члена. Надлежностите за управување и раководење се во согласност со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишната политика е конструктивна , транспарентна со јасно дефинирани цели. Таа се води преку тимска работа и опфатеност на сите структури на училиштето. Има изготвено Правилници и кодекс за дисциплината, однесувањето, дисциплинските мерки што се преземаат, поведението, насилничкото однесување и дискриминацијата. Сите педагошки мерки се документирани. За таквата политика благовремено се информираат сите заинтересирани субјекти, а начинот на информирање се изведува преку вообичаен систем: раководниот тим го информира Наставничкиот совет, советот на родители, локалната заедница, а Наставничкиот совет преку класните раководители ги информира учениците. Во врска со давањето подршка на учениците за унапредување на здравјето, разрешувањето на кризни состојби или за друга проблематика од локален карактер, раководниот тим и наставниот кадар вклучувајки ги и стручните соработници

Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо“
Бул. „М. М. Брицо“ бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk

промовира родителски однос кон учениците.Целокупната настава во училиштето се планира од година во година преку изготвување Годишна програма за работа.Долгорочното планирање е и развојно планирање, поставено на реални основи и земајќи ги во предвид расположливите ресурси на училиштето стручноста на наставниот кадар, условите, техничката опременост и нагледните средства.
Продолжување на соработката со компаниите во општината
Проширување на соработката со нови компании
Продолжување на правење напори за обезбедување на сертифицирани ментори
Отварање на нови струки и профили

Подигнување на квалитетот на дигиталните алатки и е-системите
– Воедначување на ИКТ опрема во сите училници и подобра техничка поддршка.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште:

Име и презиме и потпис

Марина Синадиновски -наставник ____________________________________

Роза Стаменковска-наставник_______________________________________

Лидија Таушански-наставник________________________________________

Соња Трајковска-наставник_________________________________________

Даниела Стоичова-наставник________________________________________

Наташа Јаневска Колевска-стручен соработник, социолог______________________

Емануела Манасиева Стојчевски-стручен соработник, педагог___________________

Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо“
Бул. „М. М. Брицо“ бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk

Славица Рунтевска-библиотекар_______________________________________

Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо"
Бул. „М. М. Брицо" бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk

Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште:

Име и презиме и потпис

Марина Синадиновски -наставник ____________________

Роза Стаменковска-наставник ____________________

Лидија Таушански-наставник ____________________

Соња Трајковска-наставник ____________________

Даниела Стоичова-наставник ____________________

Наташа Јаневска Колевска-стручен соработник, социолог ____________________

Емануела Манасиева Стојчевски-стручен соработник, педагог ____________________

Славица Рунтевска-библиотекар ____________________